**Внатрешно упатство**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го целото упатство бидејќи содржи многу важни податоци за Вас.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите било какво несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство.

**Внатрешното упатство за лекот содржи:**

1. Што претставува лекот ЦИТРАМ и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот ЦИТРАМ
3. Како да го употребувате лекот ЦИТРАМ
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на лекот ЦИТРАМ

**CITRAM / ЦИТРАМ 10 mg филм-обложени таблети**
escitalopram

Активна материја е есциталопрам.

Една филм-обложена таблета содржи 10 mg есциталопрам во форма на есциталопрам оксалат.

**Помошни материи:**
Јадро на таблетата: целулоза, микрокристална; силициум диоксид, колоиден, безводен; повидон; кармелозанатриум, вмрежена; талк; магнезиум стеарат.
Филм-обвивка: хипромелоза; боја титаниум диоксид (E171); макрогол.

**Изглед на таблетите и содржина на пакувањето:**
Бела или речиси бела, тркалезна, биконвексна, филм-обложена таблета, со дијаметар од околу 7,4 mm, со разделна линија која ги разделува ознаките„11" и „36" на едната страна и со ознака „10" од другата страна.
28 (2x14) таблети во oPA/Al/PVC//Al блистер, во кутија.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање на лекот во промет:**
БЕЛУПО ДООЕЛ Скопје,
ул. 3- Македонска бригада бр.68, 1000 Скопје, Р.С.Македонија

**Име и адреса на производителот**:
Белупо, лекови и козметика, д.д., Улица Даница 5, 48000 Копривница, Хрватска

## 1. Што претставува лекот ЦИТРАМ и за што се употребува

Овој лек содржи активна материја есциталопрам. Есциталопрамот припаѓа во групата антидепресиви кои се нарекуваат селективни инхибитори на повторното преземање на серотонинот (SSRI). Тие лекови дејствуваат врз серотонинскиот систем во мозокот зголемувајќи го нивото на серотонин. Нарушувањата на серотонинскиот систем се сметаат за значајни фактори за развој на депресија и на сродни нарушувања.

Овој лек се користи за лекување на депресија (големи депресивни епизоди) и анксиозни нарушувања (како што е панично нарушување со или без агорафобија - страв од отворен простор и јавни места, социјално анксиозно нарушување, генерализирано анксиозно нарушување и опсесивно-компулзивно нарушување).

## 2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот ЦИТРАМ

**Не употребувајте Цитрам:**

- ако сте алергични на есциталопрам или на некоја друга состојка на овој лек ;

ако употребувате лекови од групата на инхибитори на ензимите на моноаминооксидазата (МАО инхибитори), како што е **моклобемид** (се користи за лекување на депресија) и **линезолид** (антибиотик, лек за лекување на бактериски инфекции) или лекови од групата на неселективни, иреверзибилни МАО инхибитори (видете го поглавјето **Употребување на други лекови со ЦИТРАМ таблетите**).

- ако имате вроден неправилен срцев ритам или имавте епизода на нарушување

на срцевиот ритам (забележано со ЕКГ, преглед кој се користи за проценка на работата на срцето)

- ако употребувате лекови за лекување на проблеми со срцето или оние кои можат да влијаат врз срцевиот ритам (видете го поглавјето **Употребување на други лекови со ЦИТРАМ таблетите**).

Не употребувајте го овој лек ако нешто од горе наведеното се однесува на Вас. Доколку не сте сигурни, обратете се кај Вашиот лекар.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**

Пред употребата на Цитрам, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт ако:

- имате епилепсија. Вашиот лекар ќе го прекине лекувањето со овој лек ако се појават епилептични напади или се зголеми нивната зачестеност (видете го поглавјето 4. **Можни несакани дејства**).
- имате тешкотии со црниот дроб или со бубрезите. Можеби ќе биде потребно да ја приспособите дозата на лекот.
- имате шеќерна болест. Лекувањето со овој лек може да влијае врз контролата на нивото на шеќер во крвта. Можеби ќе биде потребно приспособување на дозата на инсулин и/или на оралните антидијабетици.
- имате намалено ниво на натриум во крвта
- сте склони кон крвавење или создавање на модрици
- примате електроконвулзивна терапија
- имате коронарна болест на срцето
- имате или сте имале проблеми со срцето или неодамна имавте срцев инфаркт

- имате бавни отчукувања на срцето во мирување и/или знаете дека можеби имате намалување на солта како последица од подолг тежок пролив и повраќање или користење на диуретик (таблети за засилено излачување на урината)
- имате брза или неправилна работа на срцето, несвестица или вртоглавица при станување, што може да укажува на неправилно работење на срцето
- имате или порано имавте болест на очите, како што е зголемен притисок во очите (глауком).
- ако имате или сте имале нарушување во коагулацијата на крвта во историјата на болеста или ако сте бремени (видете го делот Бременост, доење и плодност).

Лековите како што се Citram (т.н. SSRI / SNRI) можат да предизвикаат симптоми на нарушување на сексуалната функција (види дел 4). Во некои случаи овие симптоми продолжиле и по прекинување на лекувањето.

**Мисли за самоубиство и влошување на депресијата или анксиозноста**
Ако боледувате од депресија или анксиозност, повремено можат да се појават мисли за самоповредување или самоубиство. Овие симптоми можат и да се зголемат на почетокот на лекувањето со антидепресиви бидејќи е потребно одредено време, обично две седмици, а некогаш и подолго, за лековите да почнат да дејствуваат.
Такви мисли често се јавуваат:
- ако веќе порано сте размислувале за самоповредување или самоубиство
- ако сте **помладо возрасно лице**. Податоците од клиничките испитувања укажуваат на зголемен ризик од таквото однесување кај возрасни лица помлади од 25 години со психијатриски нарушувања кои се лекуваат со антидепресиви.

Ако некогаш Ви се појават мисли за самоповредување или самоубиство, **ВЕДНАШ јавете се кај Вашиот лекар или во најблиската болница.**

**Можеби ќе Ви помогне да му кажете на некој роднина или на близок пријател** дека боледувате од депресија или анксиозност и да ги замолите да го прочитаат ова упатство. Може да ги замолите за мислење дали Вашата депресија се влошува или дали ги загрижуваат промените во Вашето однесување.

Доколку не сте сигурни дали нешто од горе наведеното се однесува на Вас, обратете се кај Вашиот лекар.

**Симптоми на апстиненција при прекин на лекувањето**
Прекинувањето на користењето на овој лек, особено ако е нагло, може да предизвика **симптоми на апстиненција**. Ризикот е поголем ако лекувањето траело долго, во голема доза или дозата пребрзо се намалувала. Кај повеќето болни симптомите се благи и поминуваат сами од себе во рамките на две седмици. Сепак, кај некои болни тие симптоми можат да бидат со сериозен интензитет или со продолжено траење (2 - 3 месеци или подолго). Ако по прекинот на лекувањето со овој лек развиете потешки симптоми на апстиненција, известете го за тоа Вашиот лекар. Лекарот може да Ве советува повторно да почнете да го употребувате лекот, а потоа уште попостепено да ја намалувате дозата.

Симптомите на апстиненција вклучуваат: чувство на замаглување (нестабилност или нарушување на рамнотежа), трпки, печење и поретко чувство како удар од електрична

струја, нарушување на спиењето (живописни соништа, кошмари, несоница), анксиозност, главоболка, мачнина, потење (вклучувајќи и ноќно потење), немир, раздразливост, несакано треперење, збунетост или дезориентација, емотивност, раздразливост, пролив, пречки на видот, биење на срцето.

**Анксиозност**
Некои болни со панично нарушување можат на почетокот на лекувањето со овој лек да имаат симптоми на засилена анксиозност. Оваа реакција обично се повлекува во текот на две седмици на континуирано лекување. Затоа се препорачува лекувањето да се започне со помала доза за да се намали веројатноста на засилена анксиозност.

Некои болни со манично-депресивни нарушувања можат да влезат во манична фаза. Таа е карактеризирана со невообичаени идеи кои брзо се менуваат, неадекватно чувство на среќа и претерана физичка активност. Во случај на појава на наведените симптоми, обратете се кај Вашиот лекар.

Симптомите како што се немир или неможност на мирно седење или стоење исто така можат да се појават во текот на првата седмица од лекувањето. Во случај на појава на наведените симптоми ВЕДНАШ известете го Вашиот лекар.

**Деца и адолесценти**
Овој лек не смее да се применува кај деца и адолесценти помлади од 18 години. Кај тие болни постои **зголемен ризик од несакани дејства**, како што се **обид за самоубиство, размислувања за самоубиство и непријателско однесување** (главно агресивност, отпор и бес). И покрај тоа лекарот може да им го препише овој лек на болни помлади од 18 години, ако процени дека е тоа потребно. Ако лекарот му го пропишал овој лек на лице помладо од 18 години, а Вие сакате за тоа да се посоветувате, Ве молиме јавете се кај Вашиот лекар.

Морате да го известите Вашиот лекар ако кој било од горе наведените симптоми се развие или влоши, кога болни помлади од 18 години земаат Цитрам.

Понатаму, долгорочните ефекти од овој лек врз растот, созревањето, развојот на мислењето и однесувањето за таа возрасна група уште не се до крај испитани.

**Употребување на други лекови со ЦИТРАМ таблетите**
Известете го Вашиот лекар или фармацевт ако употребувате или неодамна сте употребувале или би можеле да употребувате кои било други лекови. Ова ги вклучува и лековите кои сте ги набавиле без рецепт, како и растителните лекови.
Овој лек може да влијае врз дејството на некои други лекови и обратно.

**Не употребувајте го** овој лек ако употребувате некој од следните лекови:
- лекови за проблеми со работата на срцето или лекови кои можат да влијаат врз работата на срцето како што се **антиаритмици од класа IA и III**;
- деривати на **фенотиазин, пимозид, халоперидол,** кои се користат за лекување на психози;
- лекови кои припаѓаат на групата **трициклични антидепресиви,** како што се **имипрамин и дезипрамин,** кои се користат за лекување на депресија;

- некои лекови за лекување на инфекции, како што се **спарфлоксацин, моксифлокасцин, еритромицин** (кој се дава преку вена), **пентамидин;**
- лекови за лекување на маларија, особено **халофантрин**
- лекови против алергии, како што се **астемизол, мизоластин;**
- лекови наречени **ирверзибилни неселективни инхибитори на моноаминооксидазата** (МАО инхибитори) кои се користат за лекување на депресија, како што се **фенелзин, ипронијазид, изокарбоксазид, ниаламид** и **транилципромин**. Ако сте употребувале кој било од наведените лекови, потребно е да почекате 14 дена пред да започнете со лекување со лекот Цитрам. По прекинот на употребата на Цитрам таблетите, лекувањето со наведените лекови може да започне по пауза од 7 дена.
- Лекови наречени **ирверзибилни МАО-В инхибитори**, како што е **селегилин**, кои се користат за лекување на Паркинсонова болест. Ако Цитрам се користи истовремено со овие лекови, зголемен е ризикот од несакани дејства.
- лекови наречени **реверзибилни селективни МАО-А инхибитори**, како што е **моклобемид**, кои се користат за лекување на депресија
- антибиотик **линезолид.**

**Известете го Вашиот лекар** ако употребувате кој било од следните лекови:

- **литиум**, кој се користи за лекување на манично-депресивно нарушување;
- **триптофан**, аминокиселина која мора да се внесува со храна;
- **суматриптан** и слични лекови кои се користат за лекување на мигрена и **трамадол**, кој се користи за лекување на посилни болки. Ако Цитрам се користи истовремено со овие лекови, зголемен е ризикот од несакани дејства.
- бупренорфин кој се користи во лекувањето на пациенти зависни од опијати (наркотици). Ако Цитрам се користи истовремено со овој лек, можат да ви се појават симптоми како што се неволни ритмички мускулни контракции, вклучувајќи ги мускулите кои ги контролираат движењата на очите, вознемиреност (агитација), халуцинации, кома, прекумерно потење, неволно треперење (тремор), прекумерни рефлекси, зголемена мускулна напнатост, телесна температура над 38°C. Обратете се на лекар во случај на такви симптоми.
- **мефлокин**, кој се користи за лекување на маларија; **бупропион**, кој се користи за лекување на депресија; и **трамадол**, кој се користи за лекување на посилни болки. Овие лекови можат да го намалат прагот на појава на епилептични напади.
- лекови за лекување на шизофренија и психози (невролептици) и лекови за лекување на депресија, како што се трициклични антидепресиви и селективни инхибитори на повторното преземање на серотонинот (SSRI) заради можен ризик од намалување на прагот на појава на епилептични напади
- **кантарион** *(Hypericum perforatum)*, растително средство против депресија;
- **варфарин, дипиридамол** и **фенпрокумон**, кои се користат против згрутчување на крвта. Вашиот лекар веројатно ќе го провери времето на згрутчување пред воведувањето и пред прекинот на лекувањето со Цитрам, за да се провери и по потреба да се приспособи дозата на наведените лекови
- **лекови кои го намалуваат нивото на калиум и магнезиум** во крвта бидејќи овие состојби можат да го зголемат ризикот од настанување на нарушување на срцевиот ритам опасен по живот;
- **циметидин, ланзопразол и омепразол**, кои се користат за лекување на чиреви на желудникот, **флуконазол**, кој се користи за лекување на габични инфекции,

**флувоксамин**, кој се користи за лекување на депресија, **тиклопидин**, кој се користи за спречување на мозочен удар. Истовремената примена на овие лекови може да доведе до зголемено ниво на Цитрам таблетите во крвта.

- **ацетилсалицилна киселина** и **нестероидни противвоспалителни лекови**, кои се користат за ублажување на болки и за спречување на згрутчување на крвта. Овие лекови можат да ја зголемат склоноста кон крвавење.
- **флекаинид, пропафенон** и **методролол**, кои се користат за лекување на болести на срцето и на болести на крвните садови, **кломипрамин** и **нортриптилин**, кои се користат за лекување на депресија; **рисперидон, тиоридазин** и **халоперидол,** кои се користат за лекување на психози. Можеби ќе биде потребно да се приспособи дозата на Цитрам таблетите.

**Употребување на лекот ЦИТРАМ со храна и пијалоци**
Не се препорачува комбинирање на овој лек со алкохол, иако не се очекуваат нивни интеракции.

**Бременост, доење и плодност**
Ако сте бремени или доите, ако сметате дека сте можеби бремени или планирате да имате дете, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт за совет пред да земете било каков лек.

<u>Бременост</u>
Не го употребувајте овој лек во текот на бременоста, освен ако сте се посоветувале со Вашиот лекар и ако сте запознаени со ризиците и користите од лекувањето.
Ако го употребувате овој лек во текот на последните 3 месеци на бременоста, кај новороденчето можат да се појават следните ефекти: тешкотии со дишењето, сина кожа, епилептични напади, промени на телесната температура, тешкотии со јадењето, повраќање, ниско ниво на шеќер во крвта, вкочанетост или млитавост на мускулите, засилени рефлекси, несакано треперење, нервоза, раздразливост, непрекинато плачење, сонливост или тешкотии со спиењето. Ако кај Вашето новороденче се појави кој било од наведените симптоми, ВЕДНАШ известете го Вашиот лекар.

Погрижете се Вашиот лекар кој ја води бременоста или акушерката да знаат дека го употребувате овој лек. Кога се употребуваат во текот на бременост, особено во последните 3 месеца, лековите како овој можат да го зголемат ризикот од појава на сериозна состојба наречена перзистентна пулмонална хипертензија кај новороденчето (PPHN), предизвикувајќи забрзано дишење и појава на посинување кај детето. Овие симптоми се јавуваат обично во првите 24 часа по породот. Ако се појават овие симптоми, ВЕДНАШ јавете се кај Вашиот лекар.

Ако го земате лекот Цитрам пред крајот на бременоста, може да постои зголемен ризик од силно вагинално крварење кратко време по породувањето, особено ако во историјата на болеста имате нарушување во коагулацијата на крвта. Вашиот лекар или акушерка треба да знаат дека земате Цитрам за да можат да ве посоветуваат.

Ако го употребувате во текот на бременоста, не смеете наеднаш да го прекинете користењето на овој лек.

<u>Доење</u>

Есциталопрам се излачува во мајчиното млеко. Затоа не се препорачува доење во текот на користењето на овој лек.

Плодност
Испитувањата кај животни покажале дека циталопрам, лек сличен со есциталопрам, го намалува квалитетот на спермата. Теоретски тоа би можело да влијае врз плодноста, но влијанието врз плодноста кај луѓето уште не е забележано.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Не управувајте со возила и машини додека не утврдите како овој лек дејствува кај Вас.

## 3. Како да се употребува лекот ЦИТРАМ

Секогаш употребувајте го овој лек точно онака како е опишано во ова упатство или според упатствата на Вашиот лекар. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекар. Ако не сте сигурни како треба да го употребувате овој лек, побарајте совет од Вашиот лекар или фармацевт.

**Дозирање**
**Возрасни**
Депресија
Вообичаената доза на лекот изнесува 10 mg еднаш дневно. Вашиот лекар може да ја зголеми дозата до најмногу 20 mg дневно.

Панично нарушување
Почетната доза на лекот изнесува 5 mg еднаш дневно во текот на една седмица, а потоа да се зголемува на 10 mg дневно. Вашиот лекар може дополнително да ја зголеми дозата до најмногу 20 mg дневно.

Социјално анксиозно нарушување
Вообичаената доза на лекот е 10 mg еднаш дневно. Вашиот лекар може по потреба или да ја намали дозата на 5 mg или ја зголеми до најмногу 20 mg дневно.

Генерализирано анксиозно нарушување
Вообичаена почетна доза е 10 mg еднаш дневно. Вашиот лекар може да ја зголеми дозата до најмногу 20 mg дневно.

Опсесивно-компулзивно нарушување
Вообичаена почетна доза е 10 mg еднаш дневно. Вашиот лекар може да ја зголеми дозата до најмногу 20 mg дневно.

**Постари болни (постари од 65 години)**
Препорачана почетна доза е 5 mg еднаш дневно. Вашиот лекар може да ја зголеми дозата до 10 mg дневно.

**Деца и адолесценти (помлади од 18 години)**

Овој лек не смее да се применува кај деца и адолесценти помлади од 18 години. Дополнителни информации побарајте во поглавјето 2. **Што треба да знаете пред да го употребите лекот ЦИТРАМ.**

**Начин на примена**
Овој лек употребувајте го еднаш дневно со или без храна. Таблетата проголтајте ја со малку вода. Не ги цвакајте зашто се горки на вкус.

Таблетата може да се раздели на еднакви дози. Зависно од тоа што Ви рекол Вашиот лекар, земете половина или цела таблета.

**Траење на лекувањето**
Може да поминат и неколку седмици пред да почнете да се чувствувате подобро. Затоа продолжете да го употребувате овој лек дури и тогаш кога треба време за да почувствувате подобрување.

**Не ја менувајте сами дозата на лекот без претходен разговор со Вашиот лекар.**

Продолжете да го употребувате овој лек толку долго колку што тоа Ви го советува Вашиот лекар. Ако прерано прекинете со лекувањето, Вашите симптоми можат да се вратат. Затоа се препорачува лекувањето да се продолжи најмалку 6 месеци откога ќе почнете да се чувствувате подобро.

**Ако сте употребиле поголема доза од лекот ЦИТРАМ отколку што треба**
Ако земете повеќе од лекот отколку што треба, веднаш известете го Вашиот лекар или упатете се во најблиската брза помош. Со себе земете го и ова упатство или кутијата од Цитрам, за да здравствениот персонал знае кој лек сте употребиле.
Некои од знаците на предозирање можат да бидат: замаглување, несакано треперење, раздразливост, епилептични напади, кома, мачнина, повраќање, промени на срцевиот ритам, намален крвен притисок, промени на рамнотежата на течноста и солта.

**Ако сте заборавиле да го употребите лекот ЦИТРАМ**
Ако сте заборавиле да ја земете дозата на лекот, земете ја веднаш штом се сетите. Следниот ден продолжете да го земате лекот како и обично.
Не земајте двојна доза за да ја надоместите заборавената доза.

**Ако престанете да го употребувате лекот ЦИТРАМ**
Не прекинувајте со земање на лекот само затоа што се чувствувате подобро. Важно е да продолжете да го земате лекот толку долго колку што Ви препорачал Вашиот лекар.
По завршување на лекувањето, дозата на лекот треба постепено да се намалува во текот на неколку седмици бидејќи прекинувањето на користењето на овој лек, особено ако е нагло, може да предизвика **симптоми на апстиненција** (видете го поглавјето **Предупредувања и мерки на претпазливост**).

Во случај ако имате какви било прашања во врска со примената на овој лек, обратете му се на Вашиот лекар или фармацевт.

**4. Можни несакани дејства**

Како и сите лекови, овој лек може да предизвика несакани дејства, иако тие нема да се развијат кај секого.

**ВЕДНАШ известете го Вашиот лекар доколку забележите некое од следните несакани дејства:**

Помалку често (можат да се јават кај помалку од 1 на 100 лица):
- невообичаени крвавења, вклучувајќи крвавење од дигестивниот систем.

Ретко (можат да се јават кај помалку од 1 на 1000 лица):
- ако се појават отоци на кожата, јазикот, усните или лицето, отежнато дишење или голтање (симптоми на алергиски реакции) веднаш јавете се кај Вашиот лекар или во најблиската болница
- ако имате температура, раздразливи сте, збунети, чувствувате треперење или нагли контракции на мускулите, тоа можат да бидат знаци на ретка состојба која се нарекува серотонински синдром.

Непознато (зачестеноста не може да се процени од достапните податоци):
- отежнато мокрење
- епилептични напади (видете го поглавјето **Предупредувања и мерки на претпазливост**)
- пожолтување на кожата и белките на очите (знаци на оштетена функција на црниот дроб/хепатитис);
- брза и неправилна работа на срцето, несвестица која што може да биде симптом за животно опасна состојба позната како *torsades de pointes;*
- помислување на самоповредување или самоубиство (видете го поглавјето **Предупредувања и мерки на претпазливост**).
- силно вагинално крвавење кратко време по породувањето (постпартално крвавење), за повеќе информации видете во делот 2 во делот Бременост.

**Освен горе наведените, забележени се и следните несакани дејства:**

Многу често (можат да се јават кај повеќе од 1 на 10 лица):
- мачнина
- главоболка.

Често (можат да се јават кај помалку од 1 на 10 лица):
- затнување или течење на носот
- намален или зголемен апетит
- анксиозност, немир, ненормални соништа, тешкотии при заспивање, сонливост, вртоглавица, проѕевање, несакано треперење, трпнење по кожата
- пролив, затвор, повраќање, сува уста
- засилено потење
- болки во мускулите и зглобовите

- нарушени сексуални функции (одложена ејакулација, проблеми со ерекцијата, намален сексуални нагон, а жените можат да имаат тешкотии при постигнување на оргазам)
- замор, температура
- зголемена телесна тежина.

Помалку често (можат да се јават кај помалку од 1 на 100 лица):
- уртикарија, исипување, јадеж
- шкрипење со забите, вознемиреност, нервоза, напади на паника, збунетост
- нарушено спиење, нарушување на вкусот, несвестица
- проширени зеници, пречки на видот, ѕвонење во ушите
- губење на косата
- зголемено менструално крвавење
- нарушен менструален циклус
- намалена телесна маса
- забрзана работа на срцето
- отекување на рацете и нозете
- крвавење од носот.

Ретко (можат да се јават кај помалку од 1 на 1000 лица):
- агресија, деперсонализација, халуцинации
- забавена работа на срцето.

Непознато (зачестеноста не може да се процени од достапните податоци):
- манија
- намалено ниво на натриум во крвта (се манифестира со симптоми како што се мачнина, лошо чувствување со слабост на мускулите или збунетост)
- замаглување при станување заради низок крвен притисок
- отстапувања во тестовите на функцијата на црниот дроб (зголемени вредности на црнодробните ензими во крвта)
- нарушувања на движењето, несакани движења на мускулите
- болна ерекција
- создавање модрици и намален број на крвни плочки (тромбоцитопенија)
- зголемени количини на излачена урина
- истекување на млекото од дојките кај мажи и кај жени кои не дојат
- зголемен ризик од скршеници на коски кај болни кои добиваат лек од групата на лекови во која припаѓа и есциталопрам
- промени во срцевиот ритам (наречени „продолжување на QT интервалот", се гледаат со следење на ЕКГ кој ја мери електричната активност на срцето)
- моторен немир
- губење на апетит.

Кај постарите болни зголемен е ризикот од скршеници на коските.

**Пријавување на несаканите дејства**
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не

е наведено во ова упатство. Со пријавување на несакани дејства можете да допринесете во проценката за безбедноста на овој лек.
Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

**5. Чување на лекот ЦИТРАМ**

**Лекот треба да се чува на места недостапни за деца!**

Лекот не бара посебни услови за чување.

**Рок на употреба**
Назначен е на пакувањето.

**Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба!**

Никогаш не ги отстранувајте лековите во отпадни води или во домашниот отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не ги користите. Овие мерки ќе помогнат за заштитата на животната средина.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Март, 2022